# Корисничко упатство за апликација за отворање на пакет на платежни услуги преку OneID









Посетете ја интернет страницата на ПроКредит Банка https://www.pcb.mk/ и изберете ја опцијата за дигитално отворање на пакет на платежни услуги.

# Чекор 1

## Креирајте OneID дигитален идентитет

- Бесплатно преземете ја OneID мобилната апликација

- Осигурајте се дека имате активирано биометриска автентикација (отпечаток или FaceID) на Вашиот мобилен уред
    - *Доколку сте корисник на iOS мобилен уред: Пристапете во делот Поставки (Settings) > Face ID & Passcode/Touch ID & Passcode и внесете го отпечатокот од Вашиот прст или следете ги насоките за идентификација на Вашето лице, како белези за потврдување на потеклото и интегритетот на податоци преку кои може да се утврди Вашиот идентитет, во зависност од опциите кои ги поддржува Вашиот уред.*
    - *Доколку сте корисник на Android мобилен уред: Пристапете во делот Поставки (Settings) > Biometrics & Security и во делот Fingerprints додадете го својот отпечаток од прст како начин на автентикација на мобилниот уред.*
- Подгответе го Вашиот документ за идентификација (важечка лична карта или пасош) кој ќе Ви биде побаран во процесот на регистрација
- Следете ги инструкциите на самата апликација за да креирате дигитален идентитет. Детален опис на чекорите може да прочитате тука
- За техничка помош обратете се тука
- Доколку веќе имате креирано дигитален идентитет прескокнете го овој чекор

# Чекор 2

## Изберете пакет на платежни услуги

### ПРО ПАКЕТ

- Денарска и девизна платежна сметка
- Дебитна картичка
- Електронско и мобилно банкарство
- КИБС трансакции без надоместок преку електронско и мобилно банкарство
- Флекси штедна сметка
- СМС известување

300 ден
месечно

Аплицирај

### ОСНОВЕН ПАКЕТ

- Денарска/девизна платежна сметка
- Дебитна картичка
- Електронско и мобилно банкарство
- Флекси штедна сметка

60 ден
месечно

Аплицирај

### PROYOUNG ПАКЕТ

за млади од 15 до 25 години

- Денарска и девизна платежна сметка
- Дебитна картичка
- Електронско и мобилно банкарство
- КИБС трансакции без надоместок преку електронско и мобилно банкарство
- Флекси штедна сметка
- СМС известување

0 ден
месечно

Аплицирај

- **Најавете се со е-маил адресата од Вашиот OneID профил**




- **Кликнете на копчето аплицирај**




- **Одобрете го преземањето на Вашите податоци на OneID апликацијата на Вашиот мобилен уред**






# Чекор 3

## Пополнете апликација и потпишете договор

- Проверете ги податоците и дополнете ги бараните податоци за да ја комплетирате апликацијата за платежни услуги




- По пополнување на бараните податоци, одберете Генерирај формулар




- Потпишете ги апликацијата и Рамковниот договор за платежни услуги со електронски потпис преку OneID мобилната апликација



# Чекор 4

## Уживајте во поволностите на избраниот пакет

- По успешно поднесување на апликацијата, во текот на работниот ден* на Вашата е-маил адреса ќе добиете известување за отворените платежни сметки како и дополнителни информации за останатите услуги од пакетот.




*Доколку апликацијата ја имате поднесено надвор од работното време на Банката (Пон-Пет 8:30-16:30 часот) известувањето ќе го добиете следниот работен ден.*